Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
MINISTRIA E DREJTËSISË
Бр./Nr. 05-2183/2
29-08-2022 20
Скопје/Shkup

Република Северна Македонија
**Министерство за правда**
Сектор за општи работи

Nikola Tupancheski
Digitally signed by Nikola Tupancheski
Date: 2022.08.29 14:26:38 +02'00'

Врз основа на член 112 став 2 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ"24/2019) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ"бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), министерот за правда д-р Никола Тупанчески донесе

# О Д Л У К А
**за избор на најповолен понудувач во постапка за набавка на стоки објавена со оглас број 12244/2022**

1. За најповолен понудувач за набавка на стоки – Гориво за службени возила на Министерство за правда на бензинска станица со безготовинско плаќање за период од 1 (една) година, се избра:

**Друштво за производство, трговија и услуги "ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ" с.Пласница Пласница**

2. Се задолжува Секторот за општи работи да ја спроведе оваа Одлука.
3. Одлуката влегува во сила од денот на донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки бр. 05-271/1 од 25.01.2022 година и измената на годишниот план за јавни набавки бр. 05-271/2 од 08.02.2022 година, Комисијата за јавните набавки при Министерството за правда спроведе постапка за набавка од мала вредност за набавка на стоки – Гориво за службени возила на Министерството за правда на бензинска станица со безготовинско плаќање за период од 1 (една) година.

Министерството за правда врз основа на спроведената постапка за набавка од мала вредност член 48 од Законот за јавните набавки, по разгледување на доставените 2 (две) понуди од страна на 2 (два) економски оператори преку ЕСЈН, согласно извештајот од спроведената постапка и согласно член 112 од ЗЈН одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification
BUREAU VERITAS 1828

Одлучено во Министерството за правда по спроведена постапка за набавка од мала вредност за набавка на услуги објавена со оглас број 12244/2022.

Правна поука: Против Одлуката за избрана најповолна понуда може да се поднесе жалба во рок од 5 дена од денот на приемот на одлуката преку ЕСЈН до Државната комисија за жалби по јавни набавки на Република Северна Македонија

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
д-р Никола Тупанчески

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за општи работи

Согласно извештајот од Комисијата за јавни набавки
Подготвил: Насер Ќамили, самостоен референт
Проверила: м-р Марина Миновска, раководител на одделение
Контролирала: Убавка Матевска, раководител на сектор


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification